**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**
**Бр.11-71/1**
**06.02.2023 година**
**Гевгелија**

# ИЗВЕШТАЈ
# За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година

## I. Вовед

Со Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година ("Службен гласник на Општина Гевгелија бр.15/2021 и бр.14/2022), која се донесува согласно Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ" бр.174/21), беа предвидени голем број активности и проекти.

Програмата е донесена на седница на Советот на Општина Гевгелија, одржана на ден 29.12.2021 година, и е објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.15/2021, а измени и дополнување на Програмата се донесени на седница на Советот на Општина Гевгелија, одржана на ден 09.12.2022 година, објавени во „Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.15/2022.

Активностите за реализација на Програмата се одвиваа континуирано во текот на целата година, и реализирани се проекти во рамки на расположивите средства.

## II. Планирани приходи

За реализација на предвидените проекти со Програмата, беа предвидени следните извори на финансирање:

1. Трансфери и финансиска подршка од владини институции, и тоа од:

1.1. Јавно претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици;

1.2. Биро за регионален развој;

1.3. Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој;

2. Надоместок за уредување на градежно земјиште;
3. Комунални такси;
4. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ;
5. Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Вкупно во Програмата беа планирани приходи во висина од 22.800.000,00 денари и истите беа искажани по програми и потпрограми и тоа:

| Р.бр | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| | **J** | | **Комунални дејности** | **22.800.000,00** |
| 1 | | J6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 |
| 2 | | JД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 18.600.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | | <u>ЈФ</u> | Изградба на сообраќајна сигнализација | 700.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | **<u>22.800.000,00</u>** |

Остварените приходи со конкретните износи се прикажани во Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

## III. Реализирани проекти и расходи за нивна реализација

Остварените приходи, беа наменети за реализација на предвидените проекти во Програмата (Чл. III).

Во наредниот дел е даден преглед на сите планирани средства и реализирани проекти, поделени во повеќе програми и потпрограми:

### 1. Програма Ј6 - Одржување и заштита на општински патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај

#### 1.1. Реализирани средства:

| Програма | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Ј6*** | ***Ј60*** | | ***ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ*** | ***3.500.000,00*** | ***3.500.000,00*** |
| | | **424320 424390** | **Одржување на улици и патишта** | | **3.500.000,00** |
| | | • | Тековно одржување на улици и општински патишта | | 3.325.085,00 |
| | | • | Набавка на индустриска сол за зимско одржување општинските патишта и улици | | 174.915,00 |
| | | **424440** | **Поправки и одржување** | | / |

#### 1.2. Склучени договори и изведени работи:

- **Потпрограма Ј60:**

- За Зимско одржување на општински патишта, улици и други јавни површини на територијата на Општина Гевгелија, односно за набавка на 50 т. индустриска сол – рефус за сезона 2022/2023, со ДПУТ МН КОМПАНИ ДОО Гостивар, склучен е Договор бр.03-2414/1 од 30.11.2022 година во вредност од 244.260,00 денари. По овој договор до крајот на 2022 година нема набавени количини, затоа што им залиха од претходната година. За набавена индустриска сол од претходни години во текот на 2022 година исплатени се 174.915,00 денари.
- Зимското одржување на општински патишта, улици и други јавни површини со сопствена механизација го врши ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.
- Врз основа на Договор за Тековно одржување на улици и општински патишта, склучен со изведувачот „ОБНОВА ИНЖИНЕРИНГ“ ДООЕЛ Гевгелија, бр.03-1003/1 од 12.04.2022 година, од оваа потпрограма Ј60 исплатени се 3.325.085,00 денари, од потпрограмата ЈД0 – 448.739,00 денари и од потпрограмата ФА0 - 78.676,00 денари, а изведени се следните работи:
    - Тековно одржување на улици и општински патишта во 2022 година
    - Проширување на кружен тек и паркинг со тротоари во Негорци
    - Уредување на простор пред Дом на култура Прдејци
    - Улица во Миравци (долен строј и дел од горен строј). .

**Од Програма Ј6 - Одржување и заштита на општински патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај, во текот на 2022 година, исплатени се вкупно 3.500.000,00 денари за изведени работи, набавка на стоки и извршени услуги од 2022 и претходни години.**

## 2. Програма ЈД- Изградба и реконструкција на општински патишта и улици

### 2.1. Реализирани средства:

| Програма | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|---|---|
| ***ЈД*** | | | ***ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ*** | **18.600.000,00** | ***14.959.605,00*** |
| | **ЈД0** | | **Изградба и реконструкција на општински патишта и улици** | **17.400.000,00** | **14.959.605,00** |
| | | **482110<br>482910** | **Подготвување на проекти** | | **73.116,00** |
| | | • | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за улици во Гевгелија и населените места | | 73.116,00 |
| | | **482940** | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | | **148.322,00** |
| | | • | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | | 148.322,00 |
| | | **482120** | **Изградба на улици и патишта** | | **8.481.869,00** |
| | | • | Изградба на улица „Свети Климент Охридски“ Гевгелија (продолжување на Булевар Гевгелија) - I фаза | | 4.529.604,00 |
| | | • | Изградба на ул.„Александар Бел“ Гевгелија – I фаза | | 2.000.000,00 |
| | | • | Бетонирање на улици во Општина Гевгелија (помали улици и краци, тротоари и пешачки патеки) - договор 2022 | | 1.781.022,00 |
| | | • | Бетонирање на улици во Општина Гевгелија (помали улици и краци, тротоари и пешачки патеки) - договор 2021 | | 171.243,00 |
| | | **482130** | **Реконструкција на улици и патишта** | | **6.256.298,00** |
| | | • | Реконструкција на улици во општина Гевгелија - договор 2022 | | 4.474.871,00 |
| | | • | Реконструкција на улици во општина Гевгелија - договор 2021 | | 1.332.688,00 |
| | | • | Тековно одржување на улици и општински патишта | | 448.739,00 |
| | **ЈДМ** | | **Изградба (Довршување) на патот за с.Хума** | **200.000,00** | **/** |
| | | | | | |
| | **ЈДР** | | **Изградба (продолжување) на дел од Булевар Гевгелија во Гевгелија** | **1.000.000,00** | **/** |
| | | | | | |

### 2.2. Склучени договори и изведени работи:

- **Потпрограма ЈД0:**

- За изработка на проектна документација од оваа потпрограма, исплатени се вкупно 73.116,00 денари.
- За Надзор над изградба и реконструкција на објекти, од оваа потпрограма исплатени се вкупно 148.322,00 денари.
- Врз основа на договор од 2021 година за Изградба на улица „Свети Климент Охридски“ Гевгелија (продолжување на Булевар Гевгелија) - I фаза, склучен со изведувачот „ЕУРО ИНГ” Доо Гевгелија, во текот на 2022 година не се изведувани работи, а од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 4.529.604,00 денари.
- Врз основа на договор од 2021 година за Изградба на ул.„Александар Бел“ Гевгелија – I фаза, склучен со изведувачот „ЖИКОЛ“ ДООЕЛ експорт импорт Струмица, во текот на 2022 година изведени се работи со вредност од 2.530.843,00 денари. Исплатени се 2.000.000,00 денари, а изведени се следните работи:
    - Изградба на ул.„Александар Бел“ Гевгелија – I фаза (дел од долен и од горен строј - продолжување на работите и непредвидени работи).
- За Бетонирање на улици во Општина Гевгелија (помали улици и краци, тротоари и пешачки патеки), склучен е Договор бр.03-1432/1 од 08.06.2022 година, со изведувачот изведувачот „ПЕЛАГОНИЈА –

ТИРИЦ" ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, во вредност од 7.492.764,00 денари. Работите изведувани во текот на 2022 година, се со вкупна вредност од 2.702.743,62 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 1.781.022,00 денари, а од потпрограмата ФА0 – 500.000,00 денари. Изведени се следните работи. односно бетонирани се:

- Миравци - улици и краци 1.104,00 м2
- Петрово - улици и краци 1.013,00 м2
- Смоквица - улици и краци 926,00 м2
- Гевгелија - краци 969,00 м2
- Гевгелија (кај згр.БС Билдинг, Полигон, Детска градинка и ДТВ Партизан) 1.160,00 м2

- Врз основа на Договор од 2021 година за Изградба со бетонирање на помали улици и краци, тротоари и пешачки патеки во Општина Гевгелија, склучен со изведувачот „ПЕЛАГОНИЈА – ТИРИЦ" ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, во текот на 2022 година, изведени се работи во вредност од 1.599.219,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 за работите изведени 2021/2022 година исплатени се вкупно 171.243,00 денари, а од потпрограмата ФА0 – 2.000.000,00 денари. Изведени се следните работи. односно бетонирани се:
    - Негорци - улици и краци 1.238,50 м2
    - Моин - улици и краци 860,00 м2
    - Богородица - улици и краци 863,50 м2
- За Реконструкција на улици во Општина Гевгелија, склучен е Договор бр.03-1320/1 од 27.05.2022 година, со изведувачот ДПУТ „ВЕ-ГРУПА" ДООЕЛ Радови, во вредност од 8.557.554,70 денари. Работите изведувани во текот на 2022 година, се со вкупна вредност од 4.658.576,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 4.474.871,00 денари, а од потпрограмата ФА0 – 183.705,00 денари. Изведени, односно реконструирани се:
    - Ракометно игралиште - Партизан 1.112,00 м2
    - ул.„Ристо Шуклев" Гевгелија 1.041,00 м2
    - Улица во с.Давидово 613,00 м2
    - Улица во с.Миравци 1.512,65 м2
    - Улица во с.Милетково 1.335,40 м2
- Врз основа на Договор од 2021 година за Реконструкција на улици во Општина Гевгелија, склучен со изведувачот „ТОП БИЛД" ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, во текот на 2022 година доисплатени се останатите 1.332.688,00 денари.
- За Тековно одржување на улици и општински патишта, од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 448.739,00 денари.
- Врз основа на Договор од 2021 година и Анекс договор од 2022 година за Изградба на новопланирана улица 6 од ГУП Гевгелија (поврзување со Милци) преку сервисна улица 2 (стар пат Гевгелија-граница) од УПВНМ граничен премин Богородица со изведена сообраќајна лента за исклучување и приклучување на автопат А1 (Е75) - I фаза, склучени со изведувачот „ЕУРО ИНГ" Доо Гевгелија, во вкупна вредност од 10.806.201,64 денари, во текот на 2022 година се извршени работи во вредност од 171.960,00 денари, за кои нема извршено плаќање, а изведени се следните работи:
    - Изградба на новопланирана улица 6 од ГУП Гевгелија - поврзување со Милци (обележување на траса и ископ на дел од долен строј) 930,00 м

- **Потпрограма ЈДМ: /**
- **Потпрограма ЈДР: /**

**Од Програма ЈД - Изградба и реконструкција на општински патишта и улици, во текот на 2022 година, исплатени се вкупно 14.959.605,00 денари за изведени работи од 2022 и од претходни години.**

## 3. Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација

### 3.1. Реализирани средства:

| Програма | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈФ | ЈФ0 | | Изградба на сообраќајна сигнализација | 700.000,00 | 700.000,00 |
| | | 482910 | **Подготвување на проекти** | | / |
| | | 482130<br>464990 | **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација** | | **591.085,00** |
| | | • | Машинско обележување на улици и други површини со хоризонтална сообраќајна сигнализација | | 591.085,00 |
| | | 482920 | **Изградба на други објекти** | | **108.915,00** |
| | | • | Поставување на сообраќајна сигнализација - набавка на сообраќајни знаци, ознаки и патокази | | 53.153,00 |
| | | • | Набавка на табли со имиња на улици, куќни броеви | | 55.762,00 |

### 3.2. Склучени договори и изведени работи:

- **Потпрограма ЈФ0:**

- Врз основа на Договор за Машинско обележување на улици и други површини со хоризонтална сообраќајна сигнализација, склучен со изведувачот „ДИТАС“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, бр.03-969/1 од 07.04.2022 година, од оваа потпрограма ЈФ0 исплатени се 591.085,00 денари, а од потрограмата ФА0 – 200.000,00 денари. Изведено е:
  - Машинско обележување на улици и други површини со хоризонтална сообраќајна сигнализација - 8.800,00 м2.
- За набавка на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, врз основа на склучениот договор со „ТЕХНОДИДАКТА“ ДОО Штип, во 2022 година исплатени се вкупно 53.153,00 денари.
- За набавка на табли со имиња на улици, куќни броеви и др., врз основа на склучениот договор со „РАДЕ КОНЧАР-КОНТАКТОРИ И РЕЛЕИ“ ДОО Скопје, во текот 2022 годинаисплатени се вкупно 55.762,00 денари.

**Од Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација, во текот на 2022 година, исплатени се вкупно 700.000,00 денари.**

# IV. Рекапитулација на расходите за 2022 година

Во табелата е дадена рекапитулација на планираните и исплатените средства во 2022 година:

| Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | Планирано | Реализирано во 2022[1] |
|---|---|---|---|
| | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | | |
| J6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 | 3.500.000,00 |
| ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 18.600.000,00 | 14.959.605,00 |
| ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 700.000,00 | 700.000,00 |
| | **ВКУПНО** | ***22.800.000,00*** | ***19.159.605,00*** |

[1] Во вкупната сума „Исплатено во 2022“, влегуваат сите исплати во текот на годината, вклучително и исплатите за реализирани работи од претходните години

## V. Споредба на реализација на Програмата 2021/2022 година

Реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година, во однос на реализацијата на програмата за 2021 година, е следна:

| | | 2021 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прог рама** | **ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ** | **Планирано** | **Реализирано** | **Планирано** | **Реализирано** |
| | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | | | | |
| **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 6.000.000,00 | 5.761.456,00 | 3.500.000,00 | 3.500.000,00 |
| **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 32.346.809,00 | 23.602.861,00 | 18.600.000,00 | 14.959.605,00 |
| **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.700.000,00 | 1.600.000,00 | 700.000,00 | 700.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **40.046.809,00** | **30.964.317,00** | ***22.800.000,00*** | **19.159.605,00** |
| | **Процент на реализација на програмата (планирано/реализирано)** | | 77,32% | | 84,03% |

## VI. Заклучок

За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година, од планираните 22.800.000,00 денари, исплатени се вкупно 19.159.605,00 денари, што претставува 84.03% реализација на програмата во однос на планираните средства.

Нереализираните проекти се предвидени во Програмата за 2023 година и нивната реализација, продолжува континуирано во текот на 2023 година, како и исплата на веќе извршените работи.

Сектор за урбанизам, комунални работи
и заштита на животната средина